# КПУ 4/2024 година, во ко-организација на [Конто Профит](#) и [Global Consulting Group](#).

**Последната дводневна Online обука (16 часа) за КПУ за 2024 година ја планираме за 12 и 13.12, во термини од 9:00 часот.**

## Термин

12 и 13.12 (четврток и петок) од 9:00.

## Начин на следење

Online (Zoom + YouTube stream), со обезбедена снимка за последователно повторување на материјата. Упатство за приклучување ќе добијат сите пријавени.

## Теми и агенда

**ДЕН 1:**

**ДАНОЦИ: 3 часа (9:00-11:00)** со М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767:

- Практична примена на даночните стапки за ДДВ во разни ситуации на промет со добра и услуги;
- Дерегистрација и регистрација во системот за ДДВ;
- Промена на даночна основа: член 22 од ЗДДВ;
- Аванс и капар од аспект на ЗДДВ.

**Пауза: 20 минути (11:00-11:20)**

**МСС и МСФИ: 3 часа (11:20-13:20)** со Симона Павловска, овластен сметководител, бр. на уверение 0106210 и овластен ревизор:

- Модел за признавање на приходите во пет чекори (утврдување на договорот со купувачите, утврдување на обврските за извршување, утврдување на цената на трансакцијата, распределба на цената на трансакцијата на обврските за извршување, признавање на приходите кога друштвото ќе ги исполни дефинираните обврски за извршување;

**Пауза: 10 минути (13:20-13:30)**

**РАБОТНИ ОДНОСИ И ДЕЛОВНО ПРАВО: 2 часа (13:30-14:50)** со М-р Јани Павловски, магистер по правни науки и М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767:

- Пресметка на додатоци како дел од платата со практични примери за примена и пресметка во разни ситуации: работа во недела, работа на ден на државен празник, прекувремена работа, ноќни часови и сл.

**<u>ДЕН 2:</u>**

**ЗАКОНСКА РАМКА ПОВРЗАНА СО ПОДГОТОВКА НА ГС И ФИ: 2 часа (9:00-10:20)** со Симона Павловска, овластен сметководител, бр. на уверение 0106210 и овластен ревизор:

- Нормативно уредување, организација на активности, даночен и сметководствен третман на пописот.

**Пауза: 10 минути (10:20-10:30)**

**ДАНОЦИ: 2 часа (10:30-11:50)** со М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767:

- Растур, кало, крш и расипување – сметководствен и даночен третман од аспект на ДДВ, ДЛД и ДД;

- Вредносни ваучери: сметководствен третман и регулирање од аспект на ДДВ, ДЛД и ДД;

**Пауза: 10 минути (11:50-12:00)**

**РАБОТНИ ОДНОСИ И ДЕЛОВНО ПРАВО: 1,5 часа (12:00-13:00)** со адвокат Мартин Бошкоски:

- Отказ од деловни причини: основ, постапка, обврски за работодавачот.

**ДАНОЦИ: 1,5 часа (13:00-14:00)** со М-р Јани Павловски, магистер по правни науки:

- Даночна постапка по надворешна контрола од УЈП, добивање на нацрт записник, завршен разговор, забелешки, правни лекови;

**Пауза: 10 минути (14:00-14:10)**

**РАБОТНИ ОДНОСИ И ДЕЛОВНО ПРАВО: 1 час (14:10-14:50)** со М-р Благоја Грозданов, М-р по економски науки и овластен сметководител, бр. на уверение 0101767 и М-р Јани Павловски, магистер по правни науки:

- Новогодишен надоместок и подароци: нормативен, даночен и сметководствен третман.

## Предавачи

- М-р Благоја Грозданов, магистер по економски науки и овластен сметководител 0101767;
- М-р Јани Павловски, магистер по правни науки;
- М-р Мартин Бошкоски, адвокат;
- Симона Павловска, овластен ревизор и овластен сметководител, бр. на уверение 0106210.



## <u>Цена</u>

Цената изнесува вкупно 4.000 денари + 18% ДДВ, односно вкупно 4.720 денари по слушател. Уплатата се врши на една од трансакциските сметки на организаторите, по пополнета и испратена пријава за посета на обуката на формуларот кој може да го најдете на Веб страниците и по издадена фактура.

***Заради усогласеност со новиот Правилник за КПУ донесен од ИСОС, сите заинтересирани мора да се пријават и да извршат уплата најдоцна до 10.12.2024 и да бидат континуирано приклучени од своите компјутери за време на Онлајн семинарот, затоа што списокот со присутни и изворните податоци од платформата преку која истиот ќе се одржува мора да бидат доставени до ИСОС најдоцна 8 дена по одржување на семинарот!***